РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2557/2
07-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2557/1 од 23.07.2021 година, против вработени лица во Општина --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2557/1 од 23.07.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 23.07.2021 година, доставена е пријава против вработени лица во Општина -------------------- и оформен е предмет број 12-2557/1 од 23.07.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека на вработени во Општина ------------- за извршување на дополнителни обврски за време на работно време во ЈЛБ -------------------------------------, ОЈУДГ ------------------------------, ОУ ----------------------------- и ОУ -------------------------------------------------- во два наврати им се исплатувале средства од институции за финансиска услуга.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема доволно податоци и јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а бидејќи пријавата е анонимна, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во истата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk